D-9.3.70

Централна правосодна книжница
Врховно содишче СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Тавчарјева 9 п.п,639

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 26 декември 1969
Скопје
Број 43 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 2,40 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**336.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СРМ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА АЕРОДРОМОТ ВО ОХРИД

Се прогласува Законот за изменување на Законот за учество на СРМ во финансирањето на модернизацијата на аеродромот во Охрид,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 26 ноември 1969 година.

Бр. 4108
18. декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА АЕРОДРОМОТ ВО ОХРИД

Член 1

Во Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на модернизацијата на аеродромот во Охрид („Службен весник на СРМ“ бр. 16/68), во член 1 износот од „7 милиони динари“ се заменува со износот од „11,4 милиони динари“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**337.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ШТЕДНО-КРЕДИТНИТЕ СЛУЖБИ ПРИ ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за основање и работење на штедно-кредитните служби при земјоделските организации,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 26 ноември 1969 година.

Бр. 4107
18 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ШТЕДНО-КРЕДИТНИТЕ СЛУЖБИ ПРИ ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Штедно-кредитни служби, под условите предвидени со овој закон, можат да основаат земјоделските и други задруги и работните организации што се занимаваат со земјоделско производство односно со одгледување и користење на шуми (земјоделски организации).

Член 2

Штедно-кредитните служби се основаат како посебни служби во рамките на земјоделските организации.

Штедно-кредитните служби се основаат со општ акт на земјоделската организација што се донесува според постапката за донесување на статутот.

Штедно-кредитна служба земјоделска организација може да основа ако обезбеди емство на општината, на чие подрачје се наоѓа седиштето на организацијата, за штедните влогови што ќе ги прибира службата.

Член 3

Штедно-кредитната служба собира штедни влогови и одобрува кредити.

Член 4

За штедните влогови во штедно-кредитната служба одговара земјоделската организација со сите свои средства.

Член 5

Штедно-кредитните служби работат според принципите на банкарското работење, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 6

Пред донесувањето на актот за основање на штедно-кредитната служба, основачот е должен да испита дали постојат економски и други услови за успешно работење на службата и да обезбеди техничка и кадровска опременост на службата.

Член 7

Актот за основање на штедно-кредитната служба особено ги содржи:

— положбата и организацијата на штедно-кредитната служба;

— општите услови под кои се примаат штедните влогови и условите под кои од средствата на штедните влогови можат да се даваат кредити;

— кои посебни фондови се образуваат, начинот на образувањето на средствата на овие фондови, намената и условите за нивно користење.

Член 8

Земјоделската организација која основа штедно-кредитна служба, формира кредитен фонд и посебен резервен фонд на службата.

Кредитниот фонд се формира од средствата што земјоделската организација ќе ги издвои по завршната сметка.

Посебниот резервен фонд се формира од вишокот на приходите над расходите на штедно-кредитната служба и служи за обезбедување на нејзината ликвидност.

Издвојувањето на средствата во посебниот резервен фонд се утврдува во процент кој не може да биде помал од 2% од вишокот на приходите над расходите и тоа издвојување се врши сè додека не се обезбедат средства во посебниот резервен фонд во износ од 10% од висината на собраните штедни влогови.

Член 9

Штеден влог кај штедно-кредитната служба при земјоделска организација може да има секој граѓанин.

Член 10

На вложувачот на штедниот влог штедно-кредитната служба му издава штедна книшка.

Обликот и текстот на штедната книшка го пропишува републичкиот секретар за финансии.

Член 11

Податоците за штедните влогови се деловна тајна на земјоделската организација, а известување за штедните влогови по име на вложителите може да се даваат само по писмено барање од судот.

Член 12

На штедните влогови се плаќа камата.

Висината на каматата ја утврдува земјоделската организација во рамките на постојните прописи за банките.

Член 13

Каматата на штедните влогови се пресметува и додава на влогот, по правило, на крајот на календарската година.

Каматата се пресметува и исплатува веднаш ако вложувачот го подига целиот влог.

Член 14

Средствата од собраните штедни влогови, кредитниот фонд и посебниот резервен фонд се водат на посебни сметки кај Службата за општествено книговодство.

Член 15

Штедно-кредитната служба одобрува кредити за сите видови и намени, а првенствено за земјоделското производство.

Кредитите ги одобрува од средствата на кредитниот фонд и средствата од собраните штедни влогови.

Од средствата на кредитниот фонд може да се одобруваат кусорочни и среднорочни кредити, а од средствата на собраните штедни влогови само кусорочни кредити.

Земјоделската организација со општ акт ги утврдува критериумите за одобрување на кредитите.

Член 16

Кредитите од средствата со кои располага штедно-кредитната служба ги одобрува органот што ќе го определи земјоделската организација.

Член 17

Висината на каматата на кредитите ја утврдува земјоделската организација во рамките на постојните прописи за банките.

Член 18

Со барателот на кредитот земјоделската организација заклучува писмен договор. Со договорот се утврдуваат условите за давањето и користењето на кредитот и други меѓусебни права и обврски на договорувачите.

Член 19

За штедните влогови кај штедно-кредитните служби може да емчи, освен општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на земјоделската организација, и друга општествено-политичка заедница, деловна банка или друга работна организација.

Член 20

Социјалистичка Република Македонија емчи само за штедните влогови кај штедно-кредитните служби на земјоделските организации што имаат склучен договор за емство со деловна банка или штедните влогови ги осигуруваат кај осигурителниот завод.

Член 21

За преземеното емство емецот заклучува писмен договор со земјоделската организација, со кој се утврдуваат условите за преземеното емство по штедните влогови.

Член 22

Штедно-кредитната служба изготвува финансиски план и завршна сметка, кои се составни делови на финансискиот план односно на завршната сметка на земјоделската организација.

Член 23

Се овластува републичкиот секретар за финансии да донесе упатство за работењето на штедно-кредитните служби во врска со собирањето и користењето на штедните влогови.

Член 24

Надзор над работата на штедно-кредитните служби врши надлежниот орган на општината на чие подрачје се наоѓа земјоделската организација која има основано штедно-кредитна служба.

Член 25

Постојните штедно-кредитни отсеци односно служби на земјоделските организации се должни да го сообразат своето работење со одредбите на овој закон најдоцна шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

На работните организации што не ќе постапат според претходниот став, надлежниот орган на општината со решение ќе ѝ го забрани работењето на штедно-кредитната служба.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

338.

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за републичката управа, Собранието на Социјалистичка Република Македонија по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 17 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

I. За членови на Комитетот за туризам и угостителство се именуваат:

— Киро Јанев, претседател на Одборот за туризам на Стопанската комора — Скопје;
— Ѓоко Кецкаровски, општествено-политички работник;
— Нане Настев, советник во Бирото за врски со странство при Извршниот совет;
— Најденко Поповски, потпретседател на Општинското собрание — Охрид;
— Живко Василевски, член на Извршниот одбор на Републичката конференција на ССРНМ;
— Киро Велјановски, претседател на Туристичкиот сојуз — Скопје;
— Заре Лазаревски, претседател на Смучарскиот сојуз на Македонија;
— д-р Митко Панов, професор на Природно-математички факултет во Скопје;
— Анастас Костојчиновски, претседател на Општинското собрание — Струга;
— Перо Трпеновски, директор на Бирото за младински туризам — Скопје;
— Кочо Тулевски, претседател на Општинското собрание — Тетово;
— Голуб Чинго, претседател на Туристичкиот сојуз во Охрид.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4173
17. декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

339.

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за републичката управа, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 17 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИТЕТОТ ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

I. За членови на Комитетот за надворешна трговија се именуваат:

— Зафир Сарафов, директор на сектор во „Интеримпекс" — Скопје;
— Данчо Шутурков, директор на сектор во „Македонија-тутун" — Скопје;
— Љубе Трајковски, директор на сектор во „Тетекс" — Тетово;
— Митко Ангеловски, директор на сектор во „Технометал" — Скопје;
— Јонче Този, заменик на генералниот директор на увозно-извозното претпријатие „Вардар" — Скопје;
— Благоја Зотевски, секретар на Секретаријатот за економски односи со странство при Стопанската комора на Македонија;
— Илија Црвенковски, пом. директор на претпријатието „Стокопромет" — Скопје;
— инж. Димче Милановски, в. д. директор на „Македонија инвест" — Скопје;
— Драги Димовски, шеф на деловница во „Треска" — Скопје;
— Блашко Бојаџиев, дипломиран хемичар во „ОХИС" — Скопје;
— Милисав Маневски, директор на „ЧИК" — Куманово;
— Велимир Гиновски, принуден управник на „Југохром" — Јегуновци.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4174
17 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

340.

Врз основа на член 19 од Законот за судовите од општа надлежност и член 6 од Законот за стопанските судови во Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 17 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОКРУЖНИТЕ И ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ ВО СКОПЈЕ И ШТИП

I. За судии на окружните и окружните стопански судови во Скопје и Штип се избираат:

— Трајан Младеновски, за судија на Окружниот суд во Скопје;
— Виолета Јосифова, за судија на Окружниот суд во Штип;
— Али Крлиу, за судија на Окружниот стопански суд во Скопје; и
— Ристо Цидров, за судија на Окружниот стопански суд во Штип.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4172
17. декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**341.**

Врз основа на член 24 и 25 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ“ бр. 42/65),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 21 ноември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ-ПОРОТНИЦИ ВО ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ

I

Во Одлуката за утврдување бројот на судиите и судиите-поротници во окружните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 22/67, 13/67 и 5/69), во точка 1, алинеја 1 и 2 се менуваат и гласат:

„1. Окружниот суд во Скопје на 42

2. Окружниот суд во Битола на 16“.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4181
18. декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**342.**

Врз основа на член 14 од Законот за стопанските судови во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 42/65),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 17 декември 1969 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 21 ноември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ-ПОРОТНИЦИ ВО ВИШИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ И ВО ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ

I

Во Одлуката за утврдување бројот на судиите и судиите-поротници во Вишиот стопански суд во Скопје и во окружните стопански судови („Службен весник на СРМ“ бр. 22/66, 21/68 и 5/69) во точка 2, алинеја 2 се менува и гласи:

„2. Окружниот стопански суд во Скопје на 16“.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4182
18 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**343.**

Врз основа на член 109 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67, 54/67), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 17 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ДОДАТНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ИНВАЛИДСКО И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО ГО НАДМИНУВААТ ОПРЕДЕЛЕНИОТ ПРОСЕК НА ТРОШОЦИТЕ НА ТОА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Одлуката за стапките на додатниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување за покривање на трошоците на инвалидското осигурување што го надминуваат определениот просек на трошоците на тоа осигурување за 1970 година, што ја донесе Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година — број 01-3269/1.

II

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4175
18 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**344.**

Врз основа на член 109 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67, 54/67), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 17 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ДОДАТНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ИНВАЛИДСКО И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗГОЛЕМЕНИТЕ ТРОШОЦИ НА ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПОГОЛЕМА ОПАСНОСТ ОД НЕСРЕЌА НА РАБОТА ИЛИ ОД ЗАБОЛУВАЊЕ ОД ПРОФЕСИОНАЛНА БОЛЕСТ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Одлуката за стапките на додатниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување за покривање на зголемените трошоци на инвалидското осигурување кои произлегуваат од поголема опасност од несреќа на работа или од заболување од професионална болест за 1970 година,

што ја донесе Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година — број 01-3271/1.

II

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4176
18. декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**345.**

Врз основа на член 109 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67, 54/67), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 24 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИЦИТЕ И ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА ВОН РАБОТЕН ОДНОС ОСИГУРЕНИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Се дава согласност на Одлуката за измени на Одлуката за основиците и постојаните износи на придонесите за социјално осигурување на одделни категории лица вон работен однос, осигурени според прописите за социјално осигурување, што ја донесе Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година — број 01-3273/1.

II

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4177
25 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**346.**

Врз основа на член 109 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67, 54/67), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 17 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

I

Се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за плаќање придонеси за социјално осигурување за одделни категории осигуреници, што ја донесе Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година број 01-3272/1.

II

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4178
18. декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**347.**

Врз основа на член 109 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67, 54/67), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 17 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ДОДАТНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗГОЛЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НАСТАНУВААТ ПОРАДИ СМЕТАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ И СМАЛУВАЊЕТО НА СТАРОСНАТА ГРАНИЦА ЗА 1970 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Одлуката за стапките на додатниот придонес за покривање на зголемените обврски на инвалидското и пензиското осигурување што настануваат поради сметањето на стажот на осигурувањето со зголемено траење и смалувањето на старосната граница за 1970 година, што ја донесе Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година — број 01-3270/1.

II

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4179
18. декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**348.**

Врз основа на член 109 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67, 54/67), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 17 декември 1969 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 17 декември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКАТА НА ОСНОВНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ИНВАЛИДСКО И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Одлуката за стапката на основниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување за 1970 година, што ја донесе Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година број 01-3268/1.

II

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4180
18. декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ
**Никола Минчев,** с. р.

---

**349.**

Врз основа на член 29 став 4 и член 43 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИЦИ НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА УРБАНИЗАМ, СТАНБЕНИ И КОМУНАЛНИ ПРАШАЊА

I. Се именуваат за помошници на директорот на Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања:

1. Бекир Жута, функционер што ја продолжува работата во Собранието на СРМ;

2. инж. Владо Ќосев, досегашен помошник на републичкиот секретар за индустрија и трговија.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-3096/3
3. ноември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

**350.**

Врз основа на член 29 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ", бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ИНДУСТРИЈА И ТРГОВИЈА

I. Се разрешува од должност помошник на републичкиот секретар за индустрија и трговија инж. Владо Ќосев, поради заминување на нова должност.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-3096/4
5. ноември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

**351.**

Врз основа на член 29 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ", бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ИНДУСТРИЈА И ТРГОВИЈА

I. Се разрешува од должност помошник на републичкиот секретар за индустрија и трговија Александар Грујовски, поради заминување на нова должност.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-3096/6
3. ноември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

**352.**

Врз основа на член 29 став 4 во врска со член 38 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/69 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

I. Се именува за помошник на претседателот на Комитетот за туризам и угостителство Алек-

сандар Грујовски, досегашен помошник на републичкиот секретар за индустрија и трговија.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-3096/5
5 ноември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

**353.**

Врз основа на член 29 став 4 и член 38 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ", бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

I. Се именува за помошник на претседателот на Комитетот за надворешна трговија Иван Дуков, советник во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-3096/2
3. ноември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

**354.**

Врз основа на член 29 став 4 во врска со член 43 став 4 и член 50 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ", бр 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

I. Се разрешува од должност помошник на директорот на Републичкиот завод за статистика Сотир Герекаровски, по негово барање.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-2883/1
3. ноември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с .р

**355.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ" бр. 36/66), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
### ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДОБИТОКОТ ОД ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1970 ГОДИНА

I

Според одредбите на оваа наредба во 1970. година ќе се организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување на следните добиточни заразни болести:

1. Бес;
2. Туберкулоза;
3. Бруцелоза;
4. Антракс;
5. Шушкавец;
6. Чума кај свињите;
7. Црвен ветар кај свињите;
8. Краста;
9. Чума кај птиците;
10. Сакагија;
11. Заразна кривотница кај овците;
12. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата;
13. Заразна агалакција кај овците;
14. Тифус кај птиците и бел пролив кај пилињата;
15. Белодробна стронгилоза и желудечно-цревни паразити кај овците и говедата;
16. Ехинококоза;
17. Пироплазмоза;
18. Заразни болести кај пчелите;
19. Метиљавост;
20. Заразно пресушување на вимето;
21. Гангренозно воспаление на вимето кај овците;
22. Лептоспироза.

II

**1. Бес**

Превентивно инжектирање на кучињата против бесот ќе се изврши во целата Република од 3 јануари до 31 март 1970 година.

На превентивно инжектирање подлежат сите кучиња постари од 3 месеци.

Кучињата кои до 31 март не ќе имаат три месеци, како и кучињата што ќе се окучат подоцна, превентивно ќе се вакцинираат дополнително и сукцесивно по навршувањето на три-месечна возраст.

**2. Туберкулоза**

Општа туберкулинизација на говедата постари од 3 месеци ќе се изврши во целата Република, а на кокошките во стопанствата што се занимаваат со производство на јајца и живина за расплод.

Во општествените земјоделски стопанства туберкулинизација на говедата ќе се изврши два пати и тоа, првата во периодот од 1 март до 31 мај 1970 година, а втората шест месеци по првата.

Во периодот од 1 март до 30 јуни 1970 година ќе се изврши туберкулинизација на најмалку 50% од постојниот број говеда на индивидуалниот сектор во општината. Во периодот од 1 септември до 15 декември 1970 година ќе се изврши туберкулинизација на преостанатиот дел индивидуални говеда во општината.

Нововнесените говеда за приплод во Републиката задолжително ќе се туберкулинизираат најдоцна три месеци од нивното внесување.

**3. Бруцелоза**

Од сите крави, јуници, бикови и јунчиња од индивидуалниот сектор и сите говеда и свињи во општествените земјоделски стопанства ќе се земе крв за преглед на бруцелоза.

Во општествените земјоделски стопанства ќе се земе крв за преглед на бруцелоза од говедата и свињите и тоа првиот пат најдоцна до 31 мај 1970 година, а вториот пат шест месеци по првото земање.

Во периодот од 1 март до 30 јуни 1970 година ќе се земе крв од најмалку 50% од постојниот број крави, јуници, бикови и јунчиња на индивидуалниот сектор во општината, а во периодот од 1 септември до 15 декември 1970 година ќе се земе крв од преостанатиот дел индивидуални крави, јуници, бикови и јунчиња.

Од сите овци во населбите во кои е установен акортус кај овците со непозната етиологија односно во населбите во кои е установена бруцелоза кај луѓето, ќе се земе крв за преглед на бруцелоза.

Од сите нововнесени говеда овци и свињи за приплод во Републиката задолжително ќе се земе крв за преглед на бруцелоза најдоцна 21 ден од нивното внесување.

**4. Антракс**

Во сите дистрикти на антраксот ќе се изврши еднократно инжектирање на добитокот (говедата, овците и коњите) против болеста антракс во периодот од 1 април до 31 мај 1970 година.

Грлата кои во пропишаниот рок од претходниот став не ги исполнуваат условите за инжектирање против антраксот, како и грлата што ќе се отелат, ождребат и ојагнат подоцна, дополнително ќе се инжектираат против антраксот, кога ќе ги исполнат пропишаните услови.

Регистрираните населби како дистрикти на антраксот во кои во последните десет години (1960 — 1969 година) лабораториски не е установен антраксот кај добитокот нема да се третираат како дистрикти на антраксот.

Општинскиот орган надлежен за работите на ветеринарството (во натамошниот текст: општинскиот орган на управата за ветеринарство), согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ" бр. 36/66) ќе определи кои места на подрачјето на општината во смисла на став 3 од оваа точка се сметаат за антраксни дистрикти.

Во сите населби во кои во текот на 1970 година се установи антракс ќе се изврши еднократно инжектирање на добитокот (говеда, овци, коњи) против болеста антракс.

Еднократно инжектирање на добитокот против антраксот ќе се изврши и во сите општествени земјоделски стопанства што се снабдуваат со фураж однадвор, кога фуражот потекнува од антраксен дистрикт односно кога не се знае неговото потекло.

**5. Шушкавец кај говедата**

Мерките пропишани за инжектирање на добитокот против антраксот ќе се применуваат и против шушкавецот, со таа разлика, што против шушкавецот ќе се вакцинираат само говедата, а како дистрикти на шушкавецот во смисла на оваа наредба ќе се сметаат населбите во кои шушкавецот е утврден во последните пет години (1965 — 1969 година).

Еднократно инжектирање против шушкавецот ќе се изврши и на сите говеда помлади од 3 години во сите општествени земјоделски стопанства што се снабдуваат со фураж однадвор, кога фуражот потекнува од дистрикт на шушкавецот односно кога не се знае неговото потекло.

**6. Чума кај свињите**

Задолжително превентивно инжектирање на свињите против чумата ќе се изврши во целата Република.

Превентивно инжектирање од претходниот став ќе се изврши со вакцини од атенуирани вируси (еднократно) во периодот од 1 април до 30 јули 1970 година.

Свињите што се тераат на заедничко пасиште мора претходно да бидат активно имунизирани против чумата.

Свињите што се тераат односно транспортираат од една во друга општина, ако служат за натамошно одгледување, пред тргнувањето односно утоварот треба задолжително да се серумираат доколку активно не се имунизирани.

Свињите што се внесуваат од друга општина, ако служат за натамошно одгледување, при пристигањето треба задолжително да се вакцинираат до колку активно не се имунизирани.

Во периодот по превентивното инжектирање на свињите против чумата перманентно ќе се врши инжектирање на подмладокот што ги исполнил пропишаните услови за активно имунизирање.

**7. Црвен ветар кај свињите**

Превентивно инжектирање на свињите против црвениот ветар ќе се изврши во населбите и општествените земјоделски стопанства што се сметаат за загрозени од оваа заразна болест.

Општинскиот орган на управата за ветеринарство, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот ќе ги определи населбите и општествените земјоделски стопанства што се сметаат за загрозени од црвениот ветар кај свињите.

**8. Краста**

На подрачјата на кои крастата кај овците владеала во текот на 1969 година, најдоцна до крајот на април 1970 година, ќе се изврши преглед на овците на краста.

Прегледот од претходниот став, согласно член 77 став 1 точка 1 од Основниот закон за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот „Службен лист на СФРЈ" број 16/65) и член 68 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, го врши надлежниот ветеринарен инспектор односно ветеринарната станица.

Во стадата во кои при прегледот се утврди краста треба неодложно, а најдоцна 15 дена по стрижбата да се изврши прво капење на сите овци во тие стада. Второто капење ќе се изврши 15 дена по првото. Истовремено ќе се применуваат и други ветеринарно-санитарни мерки, според постојните прописи.

Во стадата во кои во текот на 1970 година се установи краста неодложно ќе се спроведе лекување на болните животни односно двократно капење на сите овци во заразените стада, а ќе се применуваат и други ветеринарно-санитарни мерки, според постојните прописи.

Ако во некоја населба се утврди краста кај овците во едно стадо, ќе се изврши капење на сите овци од заразеното стадо, како и на сите овци од стадата кои пред утврдувањето на заразата паселе на пасиште на кое паселе и овците од заразеното стадо односно капење на сите овци во стадата кои минуваат по истите патишта по кои минувале овците од заразеното стадо.

Овците од стадата што одат на летна испаша и во кои имало краста во текот на 1969 година односно во кои ќе се појави таа во периодот пред тргнувањето на летна испаша, задолжително ќе се искапат најмалку еднаш, додека се на зимните пасишта.

На сопствениците на овците кои подлежат на капење, според претходниот став, ако овците не бидат искапени, надлежниот општински ветеринарен инспектор нема да им издаде одобрение со тие стада овци да го напуштат зимското пасиште.

**9. Чума кај птиците**

Задолжително превентивно инжектирање на кокошките против чумата со сува „Муктезар" вакцина на територијата на Републиката, ќе се изврши еднаш годишно во периодот од 1 септември до 15 декември 1970 година.

Задолжителна превентивна заштита на пилињата и подмладокот ќе се врши со вакцина сува „Ла Сота" во периодот од 1 април до 31 август 1970 година, сукцесивно, според возраста на живината и напатствието на производниот завод.

Во општествените стопанства превентивна заштита на кокошките и пилињата ќе се врши периодично и континуирано според возраста на живината и напатствието на производниот завод.

### 10. Сакагија

Во општествените земјоделски и други работни организации задолжително ќе се врши офталмомалеинизација и земање на крв за преглед на сакагија од сиот еднокопитен добиток во периодот од 1 октомври до 30 ноември 1970 година.

Шумарските и другите работни организации што работат било со свој било со ангажиран еднокопитен добиток се должни да преземат мерки да се изврши преглед на сакагија на тој добиток.

Лицата што постојано се предвижуваат со еднокопитен добиток од една во друга општина (чергари и др.) должни се тој добиток да го подложат на преглед на сакагија два пати годишно. Негативниот резултат надлежниот ветеринарен лекар ќе го забележи на грбот на уверението за здравствена состојба.

### 11. Заразна кривотница кај овците

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразната кривотница и лекување на овците во стадата за кои се утврди дека се заразени со заразната кривотница.

На лекување подлежат сите овци во заразеното стадо.

### 12. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата

Ќе се изврши заштитно инжектирање на овците против ентеротоксемијата и заразниот пролив кај јагнињата во месностите каде тие се установени во последните пет години.

Општинскиот орган на управата за ветеринарство согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“ број 36/66) ќе ги определи местата во кои ќе се врши инжектирањето од претходниот став.

### 13. Заразна агалакција кај овците

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразна агалакција кај овците.

### 14. Тифус кај птиците и бел пролив кај пилињата

Во фармите и стопанствата кои се занимаваат со производство на јајца и живина за расплод, најмалку два пати годишно, во растојание од 6 месеци, со методата на брза аглутинација, ќе се изврши преглед на тифус на сите кокошки во фармата (стопанството).

### 15. Белодробна стронгилоза и желудечно-цревни паразити кај овците и говедата

Лекувањето на овците и говедата против белодробната стронгилоза и желудечно-цревните паразити ќе се врши во населбите и стадата каде тие се појават односно лабораториски установат.

Од сите говеда во општествените стопанства односно од сите стада овци во општествените и индивидуалните стопанства за кои постои сомневање дека се заразени со белодробна стронгилоза или желудечно-цревни паразити, ќе сеземе материјал за лабораториско испитување.

Општинскиот орган на управата за ветеринарство согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“ бр. 36/66) ќе ги определи општествените стопанства и местата во кои ќе се земе материјал за лабораториско испитување.

### 16. Ехинококоза

За сузбивање на ехинококозата, покрај другите ветеринарно-санитарни мерки, ќе се изврши и двократна дехелментизација на кучињата.

Првата дехелментизација ќе се изврши со сколабан во периодот од 3 јануари до 31 март 1970 година, а втората со ареколин, шест месеци по првата.

### 17. Пироплазмоза

Во периодот од април до септември 1970 година ќе се изврши најмалку двократно капење со противкрлежни средства на сите мерино и меринизирани овци односно на сите внесени говеда од благородни раси во Републиката.

### 18. Заразни болести кај пчелите

Ќе се изврши преглед во однос на заразни и паразитни болести на сите сандаци пчели во општествените земјоделски стопанства, а според можностите и во индивидуалните стопанства.

### 19. Метиљавост

Во сите подрачја на Републиката во кои се јавува метиљавоста ќе се изврши двократно превентивно третирање на овците и говедата против метиљавоста и тоа кај овците со инжектирање односно со противметилни капсули а кај говедата само со противметилни капсули. Првото третирање ќе се изврши во текот на пролетта а второто во текот на есента 1970 година.

Општинскиот орган на управата за ветеринарство, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредувањето на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“ бр. 36/66) ќе ги определи местата во кои ќе се врши третирање од претходниот став, врз основа на претходен лабораториски наод.

### 20. Заразно пресушување на вимето

Во текот на 1970 година ќе се изврши еднократен преглед на сите крави во општествените земјоделски стопанства на болеста заразно пресушување на вимето и лекување на кравите за кои ќе се утврди дека се болни од заразното пресушување на вимето.

### 21. Гангренозно воспаление на вимето кај овците

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на гангренозно воспаление на вимето кај овците.

### 22. Лептоспироза

Во општествените земјоделски стопанства ќе се земе крв од сите говеда и свињи за преглед на лептоспироза.

## III

Утврдувањето и објавувањето на болестите од точка I на оваа наредба, со исклучок на туберкулозата, се врши врз основа на лабораториски наод во една од овластените ветеринарно-дијагностички установи во земјата.

Од закланите говеда поради туберкулоза задолжително се испраќа материјал за лабораториско утврдување на причинителот на туберкулозата.

## IV

Евиденцијата за спроведување на мерките одредени со оваа наредба се води по утврдените обрасци.

Број 11-2091
22 октомври 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски**, с.р.

**356.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 109 став 3 и член 113 став 2 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ НА ДОДАТНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ИНВАЛИДСКО И ПЕНЗИНСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО ГО НАДМИНУВААТ ОПРЕДЕЛЕНИОТ ПРОСЕК НА ТРОШОЦИТЕ НА ТОА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Додатен придонес за инвалидско и пензиско осигурување, кој служи за покривање на трошоците на инвалидското осигурување што го надминуваат определениот просек на трошоците на тоа осигурување во 1970 година, плаќаат сите работни организации опфатени со оваа одлука внатре во гранките на дејности предвидени со Одлуката за определување гранки, групи, односно подгрупи на дејности во кои може да се определи додатен придонес за инвалидско и пензиско осигурување за покривање на трошоците на инвалидското осигурување и утврдување на критериумите за определување височината на придонесот („Службен весник на СРМ" број 40/68).

II

Врз основа на критериумите определени со Одлуката наведена во претходната точка, додатен придонес за инвалидско и пензиско осигурување во определена височина за 1970 година ќе плаќаат следниве организации:

| Шифра на стопанската дејност | Организација |
|---|---|
| | 1. По стапка од 0,20% |
| 116—40 | Ф-ка за огноотпорни материјали „Силика" — Гостивар |
| 116—50 | Ф-ка за порцелан „Борис Кидрич" — Титов Велес |
| 117—61 | Автопретпријатие „11 Октомври" — Скопје |
| 121—20 | Керамичка ф-ка „Еленица" — Струмица |
| 121—20 | Ф-ка за керамиди и тули со погон за градежи „Пролетер" — Виница — Македонска |
| 121—20 | Ф-ка за тули и керамиди „Славец" с. Арбиново — Охридско |
| 122—11 | ШИК „Страшо Пинџур" — Кавадарци |
| 122—21 | ДИК „Црн Бор" — Прилеп |
| 122—21 | ШИК „Јелак" — Тетово |
| 123—10 | Ф-ка за производство на лепенки, хартиска и картонска амбалажа „Комуна" — Скопје |
| 127—10 | „Жито Македонија" — филијала Гостивар |
| 127—50 | Ф-ка за производство на чоколада, вафли и бонбони „Европа" — Скопје |
| 129—10 | „Југо-тутун" Здружено претпријатие — Скопје организација во состав — Штип |
| 129—10 | „Југо-тутун" Здружено претпријатие — Скопје организација во состав „Треска" — М. Брод |
| 129—10 | Тутунов комбинат — Струга |
| 129—10 | „Југо-тутун" Здружено претпријатие — Скопје организација во состав — Тетово |
| 211—11 | ЗИК „Црвена звезда" — Штип |
| 211—30 | ЗС „Мирче Ацев" — с. Логово — Прилеп |
| 412—21 | Градежно претпријатие „Маврово" — Скопје со сите градилишта во Републиката |
| 311—10 | ШС „Галичица" — Охрид |
| 515—10 | Претпријатие за јавен превоз на стоки и патници „Транспорт" — Битола |
| 515—20 | Околиска управа за патишта — Скопје |
| 611—13 | Трговско претпријатие „Центроколонијал" — Скопје |
| 611—14 | Трговско претпријатие „Овче Поле" — Скопје |
| 611—23 | Трговско претпријатие „Технометал Македонија" — импорт — Скопје |
| 611—30 | Трговско претпријатие „Охридски магазин" — Охрид |
| 612—27 | Трговско претпријатие за промет со кожи и волна „Стококооп" собирен центар — Титов Велес |
| 613—20 | Трговско претпријатие „Стокопромет" — експорт-импорт — Скопје |
| 620—11 | Хотелско претпријатие „Македонија турист" — Скопје |
| 724—70 | Претпријатие за изработка на офицерска и цивилна облека „22 декември" — Скопје |
| 724—80 | Претпријатие за производство и промет на сите видови килими и народни ракотворби „Вера Пазевенска" — Кратово |
| 727—50 | ИНЗАП — Прилеп |
| 812—30 | Комунално претпријатие за градска чистота — Скопје. |
| | 2. По стапка од 0,30% |
| 120—51 | Ф-ка за сапун „Цветан Димов" — Скопје |
| 122—11 | ШИК „Јавор" — Гостивар |
| 124—60 | Текстилна ф-ка „Пелистер" — Битола |
| 127—10 (612/11) | „Жито Македонија" — филијала Битола |
| 127—10 (612-11) | „Жито Македонија" — филијала Титов Велес |
| 127—10 | „Жито Македонија" — филијала Охрид |
| 128—10 | Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје. |
| 311—10 | Шумско производно претпријатие „Јабланица" — Струга |
| 412—10 | Градежно претпријатие „Бетон" — Скопје со сите градилишта во Републиката |
| 612—26 | Трговско претпријатие „Отпад" — Скопје |
| 620—20 | Угостителско претпријатие „Пелистер" — Скопје |
| 620—30 | Угостителско претпријатие „Метропол" — Скопје |
| 620—30 | Угостителско претпријатие „Меркез" — Скопје |
| 740—10 | Градежно занаетчиско претпријатие „Дримкол" с. Вевчани — Струга |
| 812—30 | Претпријатие за градска чистота „Чистота" — Куманово. |
| | 3. По стапка од 0,40% |
| 117—52 | Претпријатие за поправка на коли и локомотиви — Титов Велес |
| 121—20 | Индустриско претпријатие за градежни материјали „Вардар" — Гостивар |
| 122—11 (311-10) | ШИК „Копачка" — Кичево со сите погони |
| 122—21 | Дрвен комбинат „Караорман" — Струга |
| 124—20 | Памучна индустрија „Македонка" — Штип |

| | | |
|---|---|---|
| 129—10 | | „Југо-тутун“ Здружено претпријатие — Скопје организација во состав — Битола |
| 129—10 | | Тутунов комбинат — Куманово |
| 211—11 | | ЗК „Вардар“ — Градско |
| 211—30 | | ЗЗ „Ванчо Трајков“ — Пробиштип |
| 412—10 | | Градежно проектанско претпријатие „Љуботен“ — Тетово |
| 412—10 | | Градежно претпријатие „Прилепец“ — Прилеп |
| 611—22 | | Трговско претпријатие „Интерпромет“ — Скопје со сите стоковни куќи во Скопје |
| 612—22 | | Трговско претпријатие на големо и мало „Југотекстил“ — Скопје |
| 613—20 | | „Македонија“ — увоз, извоз на тутун — Скопје. |

4. По стапка од 0,50%

| | | |
|---|---|---|
| 111—40 | | „Електро-Македонија“ — Скопје дистрибутивен и производен погон — Прилеп |
| 116—18 | | Рудници за талк „Димче Мирчев“ — Титов Велес |
| 116—18 | | Рудници за неметали „Огражден“ — Струмица |
| 124—72 | | Конфекциона фабрика „Прогрес“ — Скопје |
| 127—10 | | „Жито Македонија“ — филијала Куманово |
| 129—10 | | Тутунов комбинат — Прилеп |
| 129—10 | | Претпријатие за обработка на тутун — Кочани |
| 131—10 | | Биро за рударски истражувања — Битола |
| 211—30 | | ЗЗ „Кочо Рацин“ с. Лазарополе — Гостивар |
| 412—21 | | Градежно претпријатие „Вардар“ — Скопје |
| 611—25 | (111-18) | Трговско претпријатие „Вардар“ — Неготино |
| 612—22 | | Трговска работна организација „Скопски магазин“ — Скопје |
| 620—30 | | Угостителско претпријатие „Интернационал“ — Титов Велес |
| 724—60 | | Конфекција „Солидност“ — Прилеп |
| 724—80 | | Претпријатие за изработка на јоргани, душеци и шамии „Слога“ — Скопје |
| 915—70 | | Медицински центар — Струга. |

5. По стапка од 0,60%

| | | |
|---|---|---|
| 111—10 | | Електропретпријатие „Маврово“ — Гостивар |
| 122—21 | | ДИП „Треска“ — Скопје со сите погони во Републиката |
| 124—60 | | Ф-ка за чорапи и трикотажа „Црвена ѕвезда“ — Скопје |
| 124—81 | | Претпријатие за изработка на сите видови ќилими и домашни ракотворби „Македонски фолклор“ — Скопје |
| 125—13 | | Ф-ка за кожи „Борис Кидрич“ — Битола |
| 127—10 | | „Жито Македонија“ филијала Тетово |
| 211—12 | | ЗС „Гевгелиско поле“ — Гевгелија |
| 213—18 | | Претпријатие за доградба и искористување на мелиоративниот систем „Липково“ — Куманово |
| 412—10 | | Градежно претпријатие „Кораб“ — Дебар |
| 412—21 | | Градежно претпријатие „Гранит“ — Скопје со сите градилишта во Републиката |
| 611—13 | | Трговско претпријатие за колонијални прехранбени стоки на големо и мало „Деликатес“ — Тетово |
| 611—23 | | „Караорман“ — Скопје сервис за градежни материјали |
| 620—30 | (620-20) | Угостителско претпријатие „Бисерка“ — Куманово |
| 740—10 | | Градежно услужно претпријатие „Ремонт“ — Скопје |
| 812—50 | | Комунално производно претпријатие „Паркови и зеленило“ — Скопје |
| 915—20 | | Специјална болница за ТБЦ Јасеново — Титов Велес. |

6. По стапка од 0,70%

| | | |
|---|---|---|
| 124—30 | | Волнарски комбинат „Т. Ц. Мерцан“ — Тетово со сите погони |
| 127—10 | | „Жито Македонија“ — филијала — Скопје |
| 127—31 | (127-87) | Ф-ка за црвен пипер „Витаминка“ — Прилеп |
| 211—12 | | ЗС „11 Октомври“ с. Гнеотино — Битола |
| 213—11 | | Водна заедница „Полог“ — Тетово |
| 213—18 | | Здружено водостопанско претпријатие „Брегалница“ — Кочани |
| 412—10 | | Градежно претпријатие „Вардар“ — Неготино |
| 412—10 | | Градежно претпријатие „Козјак“ — Куманово |
| 611—12 | | Трговско претпријатие „Малина“ — Титов Велес |
| 612—25 | | Трговско претпријатие „Огрев“ — Скопје |
| 725—40 | | Занаетчиско ќурчиско претпријатие „Д. Митрев“ — Титов Велес |
| 812—80 | | Управа за изградба и одржување на комунални објекти — Битола. |

7. По стапка од 0,80%

| | | |
|---|---|---|
| 115—18 | | Рудници и индустрија за хром, антимон и арсен „Радуша“ — Ѓ. Петров — Скопје |
| 116—13 | | Рудници за неметали „Силекс“ — Кратово |
| 121—20 | | Ф-ка за керамиди „Киро Чучук“ — Титов Велес |
| 124—20 | | Свиларски комбинат „Нонча Камишова“ — Т. Велес |
| 127—10 | | „Жито Македонија“ — филијала Прилеп |
| 127—31 | | ИПК „Конзерваекспорт“ — погон „Вардар“ — Скопје |
| 211—11 | | ЗИК „Скопско Поле“ — Скопје |
| 211—11 | | ЗК „Повардарие“ — Неготино |
| 211—12 | | ЗС „Градинар“ — Охрид |
| 211—30 | | ЗС „Острово“ — Скопје |
| 213—11 | | Водна заедница „Вруток“ — Гостивар |
| 311—10 | | ШС „Караџица“ — Скопје |
| 412—23 | | ЖТП — Скопје — градежен погон за одржување на пруги во експлоатација — Скопје со сите секции во Републиката |
| 511—10 | | ЖТП — Скопје со сите секции во Републиката освен градежен погон |
| 727—50 | | Инвалидско занаетчиско производно претпријатие „Билјана“ — Скопје |
| 770—20 | | Комунално стопанско претпријатие — Тетово. |

8. По стапка од 0,90%

| | | |
|---|---|---|
| 115—12 | | Рудници за олово и цинк „Злетово — Саса“ — Пробиштип |

| | |
|---|---|
| 129—10 | „Југо-тутун“ Здружено претпријатие — Скопје организација во состав „Нада Бутникошарева“ — Т. Велес |
| 129—10 | Тутунов комбинат „Благоја Деспотовски — Шовел“ Скопје со погони за обработка на цигари, откуп и обработка на тутун |
| 812—30 | Управа за градска чистота — Титов Велес |
| 812—30 | Претпријатие за комунални услуги „Сервис“ — Гостивар. |

III

Работните организации кои вработуваат инвалиди на трудот од II и III категорија на инвалидност со полно работно време можат да бараат намалување на стапката на додатниот придонес од точка II на оваа одлука и тоа за:

— 10% ако во просек запослуваат еден инвалид на трудот на 71 до 100 активни осигуреници;

— 15% ако во просек запослуваат еден инвалид на трудот на 51 до 70 активни осигуреници, и

— 20% ако во просек запослуваат еден инвалид на трудот до 50 активни осигуреници.

Во бројот на запослените инвалиди на трудот не влегуваат оние кои работната организација е должна да ги запослува во смисла на членот 116а став 1 од Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/65, 14/66, 1/67 и 23/67).

По барањата за намалување на стапките на додатниот придонес одлучува надлежниот комунален завод за социјално осигурување.

Намалените стапки на додатниот придонес според став 1 од оваа точка се применуваат од првиот ден на наредниот месец по поднесување на барањето за намалување стапката на додатниот придонес.

IV

Работните организации опфатени со оваа одлука кои во текот на 1970 година ќе ја променат својата дејност (шифра), додатниот придонес ќе го плаќаат според стапките определени за дејноста по која биле регистрирани во 1969 година.

За работните организации опфатени со оваа одлука кои во 1970 година ќе се интегрираат, височината на стапката на додатниот придонес ќе ја определи надлежниот комунален завод за социјално осигурување, со тоа што таа не може да биде поголема од највисоката стапка определена за интегрираните организации.

V

Додатниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување по стапките од точка II на оваа одлука се пресметува од износот на бруто личните доходи на работниците и другите примања кои служат за утврдување на пензиската основа според посебните прописи односно со закон или договор утврдени единствени основици за определување на правата и плаќањето на придонесите.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3269/1
17 ноември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

**357.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 112 точка 3 и член 113а став 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ НА ДОДАТНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ИНВАЛИДСКО И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗГОЛЕМЕНИТЕ ТРОШОЦИ НА ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПОГОЛЕМА ОПАСНОСТ ОД НЕСРЕЌА НА РАБОТА ИЛИ ОД ЗАБОЛУВАЊЕ ОД ПРОФЕСИОНАЛНА БОЛЕСТ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдува бројот на групите во кои зависно од степенот на опасноста од настапување инвалидност или телесно оштетување поради несреќа на работа или заболување од професионална болест, се распоредуваат работните места, критериумите за распоредување на работните места во групи и стапките на додатниот придонес за одделни групи на работни места.

II

Зависно од степенот на опасноста од настапување на инвалидност или телесно оштетување поради несреќа на работа или заболување од професионална болест, работните места, во рамките на Републиката, се распоредуваат во пет групи според следниве критериуми:

I група — на работни места каде бројот на повредените на 100 запослени на определени работни места, во рамките на Републиката, изнесуваат од 4 до 20;

II група — на работни места каде бројот на повредените на 100 запослени на определени работни места, во рамките на Републиката, изнесуваат од 21 до 40;

III група — на работни места каде бројот на повредените на 100 запослени на определени работни места, во рамките на Републиката, изнесуваат од 41 до 60;

IV група — на работни места каде бројот на повредените на 100 запослени на определени работни места, во рамките на Републиката, изнесуваат од 61 до 80, и

V група — на работни места каде бројот на повредените на 100 запослени на определени работни места, во рамките на Републиката, изнесуваат над 81.

III

Според утврдените критериуми во претходната точка, работните места се распоредуваат по групи и тоа:

I — група

1. Автомеханичари и механичари
2. Армирачи
3. Бетонирци
4. Брусачи
5. Брусачи на стакло
6. Влачари на волна во текстилната индустрија
7. Водоинсталатери во занаетчиството и градежништвото
8. Водители на печки (феролегури)
9. Возач на готови производи (феролегури)
10. Возачи — шофери во градежништвото и сообраќајот
11. Гранулаши
12. Дозери (рачно и машинско)
13. Електричари во индустријата, рударството, градежништвото и занаетчиството
14. Електромонтери
15. Емајлирци
16. Заварувачи и електрозаварувачи
17. Ѕидари и дрводелци (тесари) во градежништвото

18. Истоварувач на готова стока во индустријата за порцелан
19. Кранисти во индустријата
20. Крановодители во индустријата
21. Кончари (пред предење и пред ткаење)
22. Кројачи на постави во чевларската индустрија
23. Кочничари
24. Леари (ливци)
25. Лимари
26. Ложачи на котлови
27. Машинобравари и бравари
28. Машинисти и трактористи во индустријата, рударството, градежништвото и земјоделството
29. Мајстори и одделенски водачи во текстилната индустрија
30. Машинисти (машиновоѓи) на парна локомотива
31. Млинари на руда
32. Минери во градежништвото и рударството
33. Металостругари (дреари и фрезачи)
34. Моторовозачи (моторвоѓи) на дизел локомотива
35. Општи и транспортни работници
36. Пакувачи на готова стока во индустријата за порцелан
37. Пакери во коморни и тунелски печки
38. Поцинковачи на цевки
39. Предачки и сменалки
40. Припремачи на сировина во индустријата за стакло
41. Полирачи на метали
42. Премотувачи во текстилната индустрија
43. Работници и водачи на машини за изработка на цигари
44. Работници на парилица
45. Работници на клатна пила
46. Резачи на тутун
47. Секачи на дрво со секира
48. Столари во дрвната индустрија (машински)
49. Ткаачи (по еден, два и повеќе разбои)
50. Топачи (топари) и пом. топачи (топари) во индустријата за стакло
51. Формери на преса
52. Хагеристи и пом. хагеристи
53. Храначи на пасажни и тунелски печки
54. Хемиски работници во хемиската индустрија
55. Чистачи на машини и ткаенини во памучната индустрија
56. Шаржирачи на печки (пржење во печки).

II — група

1. Алатничари
2. Бојаџии во текстилната индустрија
3. Возачи на руда во рударството (јамски работници)
4. Гатеристи
5. Гланзање на тон и бранзон
6. Гравери на стакло
7. Изливачи на феролегура
8. Изливачи на карбитна печка
9. Каменоресци
10. Кршачи, сортирачи и чистачи на ферохром
11. Ложачи на генератори во индустријата за стакло
12. Миење на шишиња во маслодајната индустрија
13. Перачи на штофови во текстилната индустрија
14. Печачи и слагачи во ринг
15. Пресачи (штансери)
16. Работници на циркулари во шумарството и дрвната индустрија
17. Работници на филтер преси
18. Сечачи на дрва со моторна пила
19. Стаклодувачи и пом. стаклодувачи
20. Формери на опеки
21. Фрлачи на руда во рударството (јамски работници).

III — група

1. Дупчачи (бушачи) и пом. дупчачи (бушачи) во рударството
2. Машинистери и пом. машинистери во рударството
3. Пакувачи (пакери) на шишиња во индустријата за стакло
4. Перачи на волна во текстилната индустрија
5. Полнење на масло во шишиња
6. Флемачи во тешката индустрија
7. Чешлари на волна во текстилната индустрија.

IV — група

1. Дрводелци (тесари) и пом. дрводелци (тесари) во рударството.

V — група

1. Граѓари и припремачи на граѓа во рударството
2. Довезувачи на трупци во дрвната индустрија
3. Примачи на сурова стока (индустрија за градежни материјали)
4. Прободари на печки (управувач на ракувач со ножици и секач)
5. Чистачи на згура (феролегури).

IV

Стапките на додатниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување кои служат за покривање на зголемените трошоци на инвалидското осигурување што произлегуваат од поголема опасност од несреќа на работа или од заболување од професионална болест поради работење на работни места односно работи каде постојат услови и околности што ја зголемуваат опасноста од настапувањето на инвалидност или телесно оштетување на работникот, се определуваат зависно од групата во која работното место е разврстено и изнесува за:

| | |
|---|---|
| I — група | 0,20 |
| II — група | 0,30 |
| III — група | 0,40 |
| IV — група | 0,50 |
| V — група | 0,60 |

V

Додатниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување по стапките определени со точка IV на оваа одлука се пресметува од бруто износот на личниот доход на работниците што работат на работните места распоредени во смисла на оваа одлука.

VI

Работните организации односно обврзниците за плаќање на овој вид придонес должни се сами да го пресметуваат и уплатуваат додатниот придонес според работните места и стапките определени во точка III и IV на оваа одлука и тоа со посебен вирмански налог.

VII

Работните организации односно обврзниците за плаќање додатниот придонес кои се опфатени со Одлуката за стапките на додатниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување за покривање на трошоците на инвалидското осигурување што го надминуваат определениот просек на трошоците на тоа осигурување за 1970 година („Службен весник на СРМ“ бр. 43/69), додатниот придонес по оваа одлука ќе го плаќаат во 50% износ предвиден во точка IV на оваа одлука.

VIII

Ако во текот на годината настанат такви промени во условите и околностите на работата на одделно работно место што суштествено влијае врз распоредувањето на работното место, промена на распоредување на работното место ќе се изврши, на предлог од организацијата или по службена должност, од денот кога е утврдено дека настанала промена.

IX

Комуналните заводи за социјално осигурување, по приемот на барањето за промена на распоредувањето на работното место, ќе вршат проверка на податоците добиени од работната организација и во

рок од 45 дена од денот на приемот на барањето должни се да донесат решение за промена во распоредувањето на работното место за односната работна организација.

X

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3271/1
17 ноември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

**358.**

Врз основа на член 6 од Законот за плаќање придонеси за социјално осигурување на одредени категории лица вон работен однос — осигурени според прописите на социјалното осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 37/66), членот 76 став 3 и членот 110 став 2 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИЦИТЕ И ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА ВОН РАБОТЕН ОДНОС ОСИГУРЕНИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Во Одлуката за основиците и постојните износи на придонесите за социјално осигурување на одредени категории лица вон работен однос — осигурени по прописите на социјалното осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 38/66 и 45/68), во точката II бројката „25,40" се заменува со бројка „28,30", а бројката „36,60" со бројка „42,30".

II

Во точката III под 3, бројката „23,40" се заменува со бројка „32,00".

Во истата точка под 9 бројката „25,40" се заменува со бројка „28,30", а бројката „8,80" со бројка „9,50".

III

Во точката IV под 1, бројката „10,60" се заменува со бројката „21,50".

Во истата точка под 3, бројката „25,40" се заменува со бројка „28,30".

Во истата точка под 4, бројката „25,40" се заменува со бројка „28,30".

Во истата точка под 8, бројката „18,90" се заменува со бројка „21,00".

Во истата точка под 9, бројката „10,60" се заменува со бројка „21,50".

Во истата точка под 10, бројката „28,35" се заменува со бројка „31,60".

Во истата точка под 11, бројката „18,90" се заменува со бројка „21,00".

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3273/1
18 ноември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

**359.**

Врз основа на член 76 став 3, член 110 став 2, член 134 став 4 и членот 186 став 2 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" број 24/65, 57/67, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

I

Во Одлуката за плаќање придонеси за социјално осигурување за одделни категории осигуреници („Службен весник на СРМ" бр. 45/68) во делот I се вршат следниве измени и дополненија:

Во точката 3 текстот: „придонесот за социјално осигурување се определува во постојан месечен износ од 55,00 динари" се заменува со нов текст кој гласи: „придонесот за здравствено осигурување се определува во постојан месечен износ од 26,00 а придонесот за инвалидско и пензиско осигурување од 38,60 динари".

Во точката 4 бројот: „102,00" се заменува со бројот: „115,00".

Во точката 5 бројот: „19,00" се заменува со бројот: „21,30".

Во точката 6 бројот: „4,50" се заменува со бројот: „5,00", а бројот: „9,00" со бројот: „10,00".

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3272/1
17 ноември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

**360.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и членот 109 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА СТАПКИТЕ НА ДОДАТНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗГОЛЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО НАСТАНУВААТ ПОРАДИ СМЕТАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ И СМАЛУВАЊЕТО НА СТАРОСНАТА ГРАНИЦА ЗА 1970 ГОДИНА

I

Додатен придонес за покривање на зголемените обврски на инвалидското и пензиското осигурување што настануваат поради сметањето на стажот на осигурувањето со зголемено траење и смалувањето на старосната граница, плаќаат сите организации во кои има работни места односно работи на кои според Законот за утврдување на работните места стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење.

II

Додатниот придонес од точка I на оваа одлука го плаќаат организациите по стапка од:

а) 1,39% за работниците запослени на работни места на кои секои 12 месеци ефективно поминати на работа им се смета како 18 месеци стаж на осигурување;

б) 0,92% за работниците запослени на работни места на кои секои 12 месеци ефективно поминати на работа им се смета како 16 месеци стаж на осигурување;

в) 0,68% за работниците запослени на работни места на кои секои 12 месеци ефективно поминати на работа им се смета како 15 месеци стаж на осигурување;

г) 0,45% за работниците запослени на работни места на кои секои 12 месеци ефективно поминати на работа им се смета како 14 месеци стаж на осигурување.

III

Додатниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување по стапките од точка II на оваа одлука се пресметува од износот на бруто личниот доход на работниците запослени на работни места односно работи на кои стажот на осигурувањето им се смета со зголемено траење.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3270/1
17 ноември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

---

**361.**

Врз основа на членот 22 став 1 точка 3 и 109 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 17 ноември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКАТА НА ОСНОВНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ИНВАЛИДСКО И ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1970 ГОДИНА

I

Стапката на основниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување за 1970 година се определува на 8,3% од личниот доход и другите примања кои служат за утврдување на пензиската основа според посебните прописи односно со закон или договор утврдени единствени основици за определување на правата и придонесите.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3268/1
17 ноември 1969 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова**, с. р.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕЗАКОНИТОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ОДЛУКИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ЗА ОПШТИНСКИТЕ ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

I. Собранието на општината Кавадарци со членот 22 од Одлуката за општинските придонеси и даноци на граѓаните („Службен весник на СР Македонија", бр. 8/68) имаше воведено данок на приход од згради. Со одредбата на став 1 алинеа 3 на тој член ги имаше пропишано и даночните стопи, така што определи стопата на данокот да е поголема од 90% за деловните простории што им се издаваат во наем на оние работни организации во кои е запослен еден член на фамилијата на сопственикот на односната зграда, додека за останатите згради што се издадени во наем имаше пропишано стопа на данок од 50%.

Со Одлуката за општинските придонеси и даноци на граѓаните за 1969 година („Службен весник на СР Македонија", бр. 2/69) е воведен и во 1969 година данок на приход од згради. Во членот 24 став 1 алинеа 5 на таа одлука е содржана истата одредба како и во Одлуката за општинските придонеси и даноци на граѓаните („Службен весник на СР Македонија", бр. 8/68).

II. Врховниот суд на Македонија, решавајќи во управна постапка за поединечни предмети, застана на гледиште дека наведената одредба на Одлуката не е во склад со Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните, па во смисла на членот 29 од Законот за судовите од општа надлежност, му предложи на Уставниот суд на Југославија да ја оцени законитоста на наведената одредба на Одлуката.

III. Врз основа на изложената состојба на предметот Уставниот суд на Југославија по одржаната јавна расправа, имајќи го во предвид значењето на ова прашање од гледиште на заштита на правата на граѓаните утврдени со Уставот и законот, заведе становиште дека одредбите на општинските одлуки за придонесите и даноците на граѓаните, со кои се пропишуваат услови за оданочување поинакви од условите за оданочување што се предвидени со закон, се незаконити.

Вакво гледиште на Судот е засновано врз интерпретацијата на членот 62 од Уставот на СФРЈ, како и на членот 3 од Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните, кој гласи: „Граѓаните на територијата на иста општествено-политичка заедница имаат, под еднакви услови што се определени со закон, еднакви обврски во поглед на плаќањето на придонеси и даноци". Од цитираните уставни и законски норми произлегува дека условите на оданочување можат да се пропишуваат само со закон (сојузен и републички).

Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните во својата глава IX ги има конституисано основните принципи за оданочување на приходите од згради така што има определено кој се смета за даночен обврзник, и што ја сочинува даночната основица и има предвидено ослободувања.

Општинските собранија на кои, во смисла на членот 32 од Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници, им припаѓа овој данок како нивни приход, доколку го воведат, се овластени во смисла на членот 12 од Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните, да ги пропишат даночните стопи. Меѓутоа, овластувањето на општинските собранија за пропишување на стопите мора да биде во склад со основните принципи содржани во членот 12 на Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните, кои што помеѓу останатото предвидуваат

дека стопите на придонесите и даноците мораат да бидат единствени на целата територија на општествено-политичката заедница, доколку со тој закон не е определено поинаку.

Со оглед на тоа дека со Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните, за овој вид данок, не е предвидена можност за отстапување од принципот на единствени даночни стопи, ниту им е дадено овластување на општинските собранија да можат да определуваат различни височини на стопите за определени категории на обврзници, според условите што тие би ги предвидувале, тоа по мислење на Уставниот суд одредбите на одлуките на Собранието на општината Кавадарци што се однесуваат за данокот на приход од згради, во делот со кој за одделни обврзници е пропишана стопата на данокот поголема од 90%, се незаконити. Такви различен третман за една категорија на граѓани не е во склад со основниот принцип во даночниот систем за еднакви услови на оданочување, утврдени со закон.

Врз основа на изложеното Уставниот суд на Југославија

О Д Л У Ч И

1. Општинското собрание не може да пропишува услови на оданочување на граѓаните поинаку од условите што се определени со закон, доколку за тоа не е изречно овластено со закон.

2. Се утврдува дека одредбата на членот 22 став 1 алинеа 3 од Одлуката за општинските придонеси и даноци на граѓаните („Службен весник на СР Македонија“, бр. 8/68) и одредбата на членот 24 став 1 алинеа 5 од Одлуката за општинските придонеси и даноци на граѓаните („Службен весник на СР Македонија“, бр. 2/69) што ги донело Собранието на општината Кавадарци, не биле во согласност со Основниот закон за придонесите и даноците на граѓаните.

3. Оваа одлука во поглед на поединечните правни акти произведува правно дејство од членот 32 на Законот за Уставниот суд на Југославија.

4. Оваа одлука се објавува во „Службен лист на СФРЈ“ и во „Службен весник на СР Македонија“.

IV. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и судии Иван Божичевиќ, Неда Божиновиќ, др Асен Групче, Шефкет Маглајлиќ, др Јован Ѓорѓевиќ, Никола Срзентиќ, др Иво Сунариќ и Јоже Земљак.

У бр. 235/69
6 октомври 1969 година
Београд

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
**Блажо Јовановиќ**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје тужителот Шабани Алие Сејран од село Долно Палчиште, Тетовско, поднесе тужба за развод на брак, против тужената Крвавец Мина, порано од село Ливно, а сега со непозната адреса.

Се повикува тужената Крвавец Мина, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да ја соопшти на судот својата точна адреса или да се јави лично во судот.

Во противен случај ќе ѝ се определи старател за посебен случај кој ќе ја застапува во оваа парница.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2360/69. (90)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Тофиловска Вера од Битола, ул. „Илинден“ бр. 1-г, поднесе тужба во овој суд за развод на брак против Павлов Методија од Битола, ул. „Довлеџик“ бр. 41, сега во неизвесност.

Бидејќи тужениот е во неизвесност со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави или да одреди свој застапник. Во противно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 802/69. (87)

Вангел Петрески од Прилеп, ул. „Моша Пијаде“ бр. 98, поднесе тужба во овој суд за развод на бракот против Анастасија Петревска од Кр. Грција, со непозната адреса.

Бидејќи тужената е во неизвесност и со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави или да одреди свој застапник. Во противно на истата ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 790/69. (88)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КИЧЕВО

При Општинскиот суд во Кичево се води постапка за докажување на загубени и тоа: свидетелство за завршен втори клас гимназија во учебната 1927/28 година во Кичево и свидетелство за завршено стручно трговско училиште — вечерно, во учебната 1930/1931 година во Кичево, на име Перо Томоски од Кичево.

Се повикува секој што ги има свидетелствата или ги пронајде, да ги достави во овој суд во рок од 3 месеци по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“. Во спротивно свидетелствата ќе се огласат за загубени.

Од Општинскиот суд во Кичево, Р. бр. 233 од 8. X. 1969 година. (89)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. III. 1969 година, страна 518, реден број 11 е запишано основањето на Продавница, со седиште во село Муртино, Струмичко.

Продавницата ќе врши промет со колонијални производи и со мешани стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на мало „Иднина“ од Струмица.

Раководител на продавницата е Панде Гошев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 02/78 од 2. XI. 1968 година на работничкиот совет на претпријатието и уверението бр. 10-18/112 од 10. III. 1969 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 106/69. (1054)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. III. 1969 година, страна 525, реден број 9 е запишано основањето на Продавница за колонијал, со седиште во село Дабиље, Струмичко.

Продавницата ќе врши продажба на колонијални стоки.

Продавницата е основана од Земјоделскиот комбинат „Плодно Поле“ од Струмица.

Раководител на продавницата е Трајчо Митев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на комбинатот.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 02-343/1 од 5. III. 1969 година на работничкиот совет на **Ком-**

бинатот и решението бр. 12-6646/1 од 16. I. 1969 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 111/69. (1055)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. III. 1969 година, страна 446, реден број 20 е запишано основањето на Продавница број 25, со седиште во Струмица.

Продавницата ќе врши продажба на сите видови трговски стоки, штици, обла и тесана граѓа, железо, водоводни цевки и разни приклучни делови и цевки за водовод и одвод, керамиди, салонит и друго.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие, на големо и мало, увоз-извоз „Народен магазин“ од Струмица.

Раководител на продавницата е Ристо Томов Киров, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 04-1707/1 од 31. XII. 1968 година на работничкиот совет на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 91/69. (1057)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. III. 1969 година, страна 454, реден број 13 е запишано основањето на Земјоделска аптека, со седиште во Струмица, Градско пазариште.

Земјоделската аптека ќе врши промет на мало со следните артикли: средства за заштита на растенијата, вештачки ѓубрива и останати препарати.

Земјоделската аптека е основана од Претпријатието за снабдување на земјоделието на големо и мало „Агропромет“ од Струмица.

Раководител на Земјоделската аптека е Дана Терзиева, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката на погонскиот совет од 21. I. 1969 година и записникот бр. 10-18/12 од 6. II. 1969 година, на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 89/69. (1058)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. III. 1969 година, страна 454, реден број 44 е запишано основањето на Меркантилна продавница, со седиште во Струмица.

Продавницата ќе врши промет на мало со семенски материјали и меркантилни сточни храни од сите видови.

Продавницата е основана од Претпријатието за снабдување на големо и мало „Агропромет“ од Струмица.

Раководител на продавницата е Методи Скерлеѓ, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката од 21. I. 1969 година на погонскиот совет и записникот бр. 10-18/18 од 6. II. 1969 година, на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 114/69. (1059)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27. III. 1969 година, страна 530, реден број 1 е запишано основањето на Продавницата, со седиште во Струмица, ул. „Маркс и Енгелс“.

Продавницата ќе врши продажба на стоки за широка потрошувачка и тоа: сите видови текстилни производи, конфекција и метража, гумени, кожни, пластични и галантериски производи, кинкалерија, парфимерија, бижутерија и сл.

Продавницата е основана од Претпријатието за конфекција „8 март“ од Пробиштип.

Раководител на продавницата е Вера Пачоова, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на уверението бр. 10-241 од 8. II. 1969 година, на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 129/69. (1060)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11. III. 1969 година, страна 526, реден број 1 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Струмица, ул. „Боро Џони“ бр. 1.

Продавницата ќе врши продажба на авто-делови од сите видови моторни возила, приклучна механизација, автогуми од сите видови, бои и лакови од сите видови, како и железарија од сите видови, на големо и мало.

Продавницата е основана од Занаетчиското услужно трговско претпријатие „26 јули“ од Скопје.

Раководител на продавницата е Воислав Истатов, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 265 од 1. III. 1969 година на работничкиот совет на претпријатието и уверението бр. 10-18/25 од 4. III. 1969 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 101/69. (1061)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. III. 1969 година, страна 524, реден број 1 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Струмица, ул. „Боро Џони“ бр. 10.

Продавницата ќе врши продажба на флокирани производи (велур-флок, теписи-плишеви, крзна и сл.), галантерија, детски играчки, јамболии, лепак за лепење велурфлок, теписи, како и разни видови текстилни производи и конфекција.

Продавницата е основана од Текстилно-хемиската индустрија „Велурфлок“ од Скопје.

Раководител на продавницата е Стефчо Георгиев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е запишано во регистарот, врз основа на одлуката бр. 02-695 од 27. II. 1969 година на работничкиот совет на претпријатието и уверението бр. 10-18/112 од 5. III. 1969 година, на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 102/69. (1062)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. III. 1969 година, страна 528, реден број 10 е запишано основањето на Продавница број 13, со седиште во село Ангелци, Струмичко.

Продавницата ќе врши продажба на сите видови прехранбени производи, земјоделски производи, овошје и зеленчук, продажба на сите видови алкохолни и безалкохолни пијалоци, на големо и мало, и колонијални стоки.

Продавницата е основана од Земјоделскиот комбинат „Струмичко Поле“ од Струмица.

Раководител на продавницата е Ванчо Атанасов кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на комбинатот.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 02-361/1 од 26. II. 1969 година на присилната комисија на комбинатот и уверението бр. 10-18/108 од 21. II. 1969 година, на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 92/69. (1063)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27. III. 1969 година, страна 529, реден број 10 е запишано основањето на Продавница „Милка", со седиште во Струмица. Продавницата ќе врши промет на мало со сопствени производи и трговски стоки и тоа: производи на база на шеќер и какао, деликатесни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, тутунски преработки и кибрит, разни печива, млеко и млечни производи. Угостителство: точење на алкохолни и безалкохолни пијалоци и исхрана.

Продавницата е основана од Занаетчиското услужно претпријатие „Иднина" од Струмица.

Раководител на продавницата е Крум Маџиров, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 01-272/1 од 22. III. 1969 година, на работничкиот совет на претпријатието и записникот бр. 10/23 од 19. III. 1969 година, на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 128/69. (1064)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. III. 1969 година, страна 329, реден број 2 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Св. Николе.

Продавницата ќе врши продажба на овошје и зеленчук.

Продавницата е основана од ЗИК „Овче Поле" — Св. Николе, Погон VIII — производство, промет и кооперација — Св. Николе.

Раководител на продавницата е Боро Зафиров, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на комбинатот.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 02-1034 од 17. III. 1969 година на работничкиот совет на комбинатот, и уверението бр. 08-294 од 4. III. 1969 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Св. Николе.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 123/69. (1065)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. III. 1969 година, страна 350, реден број 31 е запишано основањето на Продавница за продажба на брашно, со седиште во Св. Николе.

Продавницата ќе врши продажба на брашно, трици, сточна храна, разновидни семиња, ориз, грав и др. земјоделски производи, како и размена на жита со брашно и сточна храна.

Продавницата е основана од ЗИК „Овче Поле" од Св. Николе, Погон IV, Економска единица бр. 2.

